Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица, објавува

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВЕН ПОВИК

Се организира јавна анкета и јавна презентација за Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок број 14, УЕ 2, Општина Струмица

Планскиот опфат е дефиниран на север по осовина на „ул бр.2” и „ул.бр.8” дефинирани со постојниот ДУП, на исток по осовина на улица „Климент Охридски” и улица број 1, на југ по осовина на улица„бр4” улица„бр5” и улица„бр8” (по ДУП) и на запад по осовина на улица „Ката Поцкова”.

Површината на планскиот опфат изнесува 31865,83 $м^2$ односно 3,186 ха.

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавна анкета ќе трае од 21.02.2023 година до 23.03.2023 година.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Секторот за урбанизам, Општина Струмица, на ден 24.02.2023 година во 12:00 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Бр.03-942/4
03.02.2023 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов